Врз основа на член 103 точка 8, во врска со членовите 126,127,128,134 став 2,149,150 од Законот за високо образование и во врска со Глава II точка 10 од Конкурсот за запишување на студенти во прва година на прв циклус студии на Универзитетот "Св Климент Охридски" - Битола за академската 2020/2021, Комисијата за упис на Факултет за безбедност на ден 08.09.2020 го разгледа приговорот на кандидатка Александра Арсовска и ја донесе следната:

ОДЛУКА

Се отфрла приговорот како неоснован.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Кандидатката за упис на Факултетот за безбедност преку електронската пошта на Факултетот 7.09.2020 во 16:11 минути (Subject: Приговор; Date: 2020-09-07 16:11; From: Aleksandra Arsovska <aleksandraarsovska13@yahoo.com>; To: "fbs@fb.uklo.edu.mk" <fbs@fb.uklo.edu.mk>), со кој се приговара: Предмет: Приговор за технички пропусти по прелиминарна ранг листа ( 7.9.2020) Образложение: Во прилог на објавената прелиминарна ранг листа, поднесувам приговор бидејќи сметам дека е направен пропуст во пресметувањето на бодови од страна на вашата комисија. Наместо со 93 бода, како што беше пресметано во електронската пријава, јас сум примена со 90,5 поени. Коментар: Последните неколку места од државната квота се со помалку од 93 бода и поради тоа очекувам да направите измени во ранг листата".

Комисијата на седницата одржана на 8.09.2020 година го разгледа Приговорот поднесен од кандидатката Александра Арсовска и констатира дека тој е навремено поднесен и се однесува на содржината на приговорите утврдени со точка 10 од Конкурсот за запишување студенти во прва година на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола во академската 2020/2021 година, објавен на web страницата на Факултетот за безбедност – Скопје (https://www.uklo.edu.mk/filemanager/konkursi/2020-21/KONKURS%20I%20ciklus,%202020-2021,%20final%20final.pdf). Имено во точка 10 од Конкурсот е утврдено дека „Кандидатот има право на приговор до Конкурсната комисија во рок од 24 часа од објавувањето на прелиминарната ранг-листа. Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите од средното образование. Конкурсната комисија одлучува по приговорот во рок од 24 часа. Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла на единиците на Универзитетот". Комисијата во полн состав (проф. д-р Цане Мојаноски – претседател, проф. д-р Светлана Николовска – член и проф. д-р Снежана Мојсоска – член) го отвори досието и констатира дека кандидатката Александра Арсовска завршила соодветно средно образование за упис на Факултетот за безбедност- гимназиско образование. Од приложените документи може да се констатира дека таа го постигнала следниот успех:
Во Сведителството од Прва година ги има следните оценки: 3354555455555
Во Сведителството од Втора година ги има следните оценки:43555553555555
Во Сведителството од Трета година ги има следните оценки:335454354545
Во Сведителството од Четврта година ги има следните оценки:43545555555

Предмети според Конкурсот за упис на Факултетот за безбедност се: мајчин јазик, странски јазик и два предмети определени од единците како битни за студирањето на единицата на Универзитетот. Факултетот за безбедност со Одлука (објавена на web страницата на Факултетот) утврдил дека соодветни предмети „за гимназиите се предметите Социологија, Историја, Филозофија или други предмети по кои кандидатите постигнале најголем успех“. Врз основа на оценките од сведителствата како предмети кои се вреднувани, а се согласно Конкурсот и Упатството, се земени: Македонски јазик и литература и Англиски јазик (како задолжителни предмети), Историја и Спорт и спортски активности (како предмети со најголем среден успех).
Врз основа на Конкурсот точка 4.1. каде се објаснети начините на утврдување на бодовите, кандидатката го има следниот број поени:

| | |
|---|---|
| Успех од средно образование | 54,00 |
| Поени од матура | 36,50 |
| Вкупно | 90,50 |

Врз основа на вака утврдените резултати Комисијата за реализација на Конкурсот на Факултетот за безбедност констатира како во диспозитивот.

Правна поука:
Доколку кандидатот не е задоволен од Одлуката на Конкурсната комисија, во рок од 24 часа по објавувањето на огласната табла, има право да поднесе втор приговор, којшто преку Конкурсната комисија се упатува до Управата на единицата на Универзитетот.

**Конкурсна комисија**

проф. д-р Цане Мојаноски – претседател
______________________________
проф. д-р Светлана Николовска – член
______________________________
проф. д-р Снежана Мојсоска - член
______________________________

**Скопје 8.09.2020 година 10.37 часот**